Совет на Општина Кичево
бр.08-175/2
31.01.2023 год.
Кичево

# З А П И С Н И К

**Од 17-та редовна седница на Советот на Општина Кичево на ден 31.01.2023 година во просториите на Советот на Општина Кичево со почеток во 11.00 часот**

Седница ја отвори и со неа раководеше претседателот на Советот на Општина Кичево Скендер Џабири,а присутни беа и советниците : Камер Клоси, Дренуше Далипи, Валбона Адили Емини, Агим Садику, Абдула Сејдини, Филип Митрески, Михајло Данилоски, Виолета Спасеноска, Лазе Јаќимоски, Олгица Попоска, Игор Стојаноски, Даниела Попоска, Анто Трајаноски, Тефик Лутфиу, Сибел Туфекџи, Арѓент Асани, Валентина Лазаревска, Иванчо Божиноски, Миѓен Зендели, Виктор Алексоски , Рамазан Зулбеари и Фортеса Сејдини.
На седницата присуствуваа и претставници од општинската администрација на Општина Кичево: Анета Настеска-секретар на Општина Кичево, Валдет Селими,Бујар Весели (финансии), Сејдин Абази (комунални дејности), Беким Мустафај (урбанизам), Емин Насуфи (образование).

Претседателот го прочита предлог-дневниот ред
**<u>Предлог дневниот ред е следен:</u>**

1.Предлог Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеницији за 2023 година.
2.Предлог Буџетски календар на Општина Кичево за 2023 година.
3.Усвојување на Програма за работа и развој на ЈП„Комуналец“ Кичево за 2023 година.
4.Усвојување на Програма за управување со комунален отпад на територијата на Општина Кичево за 2023 година.
5.Предлог Програма за одржување на јавна чистота за 2023 година во Општина Кичево.
6.Предлог Програма за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кичево за 2023 година.
7.Предлог Одлука За утврдување на тарифи за вршење на авто-такси превоз во рамките на општината и тарифи за вршење на авто-такси превоз кон друга општина или Град Скопје
8. Предлог Одлука за овластување на Градоначалникот на Општина Кичево
9.Предлог Одлука за формирање на Партиципативно тело од областа на урбанизмот на Општина Кичево.
10.Предлог Одлука за исправка на техничка грешка
11.Предлог Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе измена на ГУП за Кичево – вон г,р, заради вклопување на бесправен објект на КП бр.6177.
12. Предлог Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе измена на урбанистичка документација на н.м. Осој - Кичево, заради вклопување на бесправен објект на КП бр.919.
13.Предлог Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе измена на ГУП за село Зајаз донесен со одлука на совет бр.07-280/2 од 14.06.1999, за КП.бр.191 и КП.бр.196 КО Зајаз вон.гр., во Општина Кичево.
14. Разно

Претседателот го стави на усвојување Записникот од претходната 16-та седница и запраша дали има дискусии.

**Бидејќи немаше дискусии по Записникот од 16-та седница истиот се усвои со 23 гласа-За, нема против и нема воздржани.**

За дискусија по однос на предлог дневниот ред се пријави советникот Абдула Сејдини.
**Абдула Сејдини:** Имаше еден предлог да се повлечат точките 3,4,5 од дневен ред а кои се од ЈП „Комуналец“ затоа што на управниот одбор на претпријатието му е истечен мандатот и тие неможат без мандат да предлагаат точки.
**Лазе Јаќимоски:** Планирал истото да го предложи затоа што мандатот на УО на ЈП „Комуналец“ е истечен пред 2 години а исто така не е испочитувана и Одлуката за статутарни промени што е донесена од страна на Советот.Со тоа сите одлуки и предлози што ги носи управниот одбор се бесправни и противзаконски и неможе сега Советот да продолжи и да им даде легитимност.Од овие причини побара исто така повлекување на овие точки.
**Игор Стојаноски:** Исто така ќе барал повлекување особено на 5-та точка од причини што предложената програма е потполно иста со претходната година со што во неа се содржани мерки против КОВИД 19, стари датуми и слично и е на мислење дека со ова се понижува советот и треба барем малку да се вложи труд и да се предложи програма која не е копирана од претходната.
**Скендер Џабири:** Ќе било во ред да се почека вд директорот од ЈП Комуналец и да даде образложение а како што имало информација дека мандатот на управниот одбор трае до избор на нов.
**Абдула Сејдини:** Додаде дека Советот има донесено статутарни промени за претпријатието кои сеуште не се вметнати а кои предвидуваат намалување на членови на управен одбор од 11 на 5 како и намалување на членови на надзорен одбор од 5 на 3.Исто така во Статутот стои дека мандатот на член на УО трае 4 години а по истекот на мандатот исто лице повеќе неможе да биде член на УО повторно.
**Валентина Лазаревска:** Истакна дека пред да се усвојуваат нови програми треба прво да се има извештај за реализацијата на програмите од претходната година.
**Скендер Џабири:** Одговори дека ЈП Комуналец на секои три месеци поднесува тримесечен извештај така да како Совет имале пристап до нивната работа.
**Валентина Лазаревска:** Не се работи за таков финансиски извештај туку се бара наративен за темите што се содржани во програмите и што е реализирано од истите.
**Скендер Џабири:** Предложи пауза од 10 минути за да се почека вд директорот за да даде образложение.
По паузата:
**Абдула Сејдини:** Ги повтори уште еднаш своите констатации, прашања и барање пред вд директорот на ЈП Комуналец.
**Мухамед Махмуди:** Во врска со програмите одговори дека нивното донесување е должност на општината односно Советот.Додаде дека според закон општината е должна три месеци пред истекот на мандатот на управниот одбор да распише конкурс за избор на нови членови.Во иднина ќе следи и завршна сметка на претпријатието и таа ќе треба да се усвои.На мислење е дека управниот одбор може да продолжи со работа до избор на нов.
**Абдула Сејдини:** Секоја чест за директорот што јавно прифаќа дека за неизборот на нов управен одбор се виновни градоначалникот и општината што досега една година и половина не распишале оглас за избор на нови членови, а со тоа се прекршиле закони и за тоа треба да има одговорност а плус тоа тука се и трошоците и паушалите кои толку време бесправно ги користеле членовите на УО со истечен мандат, што доколу биле вметнати статутарните промени тие значително би се намалиле.

**Мухамед Махмуди:** Одговори дека не држи констатацијата бидејќи примањата на членовите на УО се минимални и на одржана седница, а и да е намален бројот на членови примањата со измените ќе им бидат зголемени така што тоа ќе бидат минимални разлики.
**Скендер Џабири:** Имаше предлог секретарот на општината да се позанимава со оваа проблематика административно околу конкурсот за нови членови на управен одбор на претпријатието.
**Абдула Сејдини:** Според пресметки и калкулации логично било дека би имало помалку трошоци доколку се воведат статутарните промени и се намалат членови на управниот и надзорниот одбор.Имаше прашање до вд директорот дали има доставено барање до општината за распишување на конкурс за избор на нови членови.
**Мухамед Махмуди:** Фактот што има донесено статутарни измени во кои се предвидуваат овие работи дава за право и да нема конкретно барање за ова туку општината треба да води сметка.
**Анета Настеска (секретар на општина):** Одговори дека има административни неусогласувања и дека требало да се извршат измени врз основа на статутарните измени кои се усвоиле, за што лично до сега не е запознаена но дека во иднина треба да потегне оваа работа и да се надминат овие пречки.За точката 5 истакна дека таа е општинска како обврска за изготвување а ЈП Комуналец само ја спроведува.
**Абдула Сејдини:** Јасно било дека нема превземено чекори а можеби тоа е направено свесно за да останат партиски членови на управниот и надзорниот одбор кои ќе бидат послушни и лојални на власта.
**Скендер Џабири:** Одговори дека ЈП Комуналец не е политичко претпријатие туку е на граѓаните и е на мислење дека овие административни недостатоци не треба да бидат пречка за сега советот да ја блокира работата на прептријатието и за извршување на секојдневните работи.Одговорноста за ова ќе биде и на Советот како основач на претпријатието.
**Абдула Сејдини:** Дискусијата заминала на друг терен, се знаело кои се членови до сега во УО и како се поставувале и затоа сега треба да се вметнат статутарните промени и да се смени начинот на избор на членови на управен и надзорен одбор.
**Лазе Јаќимоски:** Се чуди како се релативизирале некои работи и како нема сериозност а овде се присутни и правници и адвокати и секретарот на општина.Јасно е дека мандатот на управниот одбор е истечен веќе година и половина и дека истиот неможе да предлага предлог одлуки и програми затоа што тоа е кршење на закон за што се сноси и кривична и прекршочна одговорност. Три месеци пред истекот на мандатот требало да има конкурс за нов избор, тоа не е направено и тоа е несериозно и кршење на закони а во тоа време управниот одбор работи и носи одлуки кои се бесправни а треба и како Совет сега да се продолжи и да се легитимираат истите, неможело тоа така.
**Скендер Џабири:** Јасно било се досега искажано но дали е тоа доволна причина да се блокира работењето на претпријатието?
**Абдула Сејдини:** Мора да има одговорност за copy-paste програмите.
**Игор Стојаноски:** Повторно ја зеде како пример 5-тата точка и дека таа е исто така копирана од претходната со многу технички и суштински недостатоци, како оставени стари датуми или мерки против КОВИД 19.
**Мухамед Махмуди:** Одговори дека таа верзија на предлог програмата што е доставена до советниците е постара верзија и дека таа е изменета сега и отстранети се овие недостатоци.А по основ на содржината таа е иста или слична затоа што тоа е делокругот на работите што ги регулира и нема што друго да се додаде за разлика од минатата година.
**Агим Садику:** Негово мислење е дека доколку се усвојуваат вакви одлуки кои се предлог на управен одбор кој има истечен мандат тоа би било законски престап кој би го направил Советот.Јасно е дека со истечен мандат управниот одбор неможе да работи, затоа мора да се вметнат и статутарните измени со тоа да се озакони работењето на ЈП а и да се намалат трошоците што според негови калкулации би биле помали.Негово мислење е исто како и претходните говорници а тоа е да се повлечат овие точки од дневен ред без да се навлегува во

нивните содржински недостатоци бидејќи во програмите има доста фалинки како на пример за одредени територии на поранешните општини Осломеј и Зајас кои не се опфатени во програмите.
**Скендер Џабири:** Реално е дека советниците се во право за сите дискусии во врска со ова и треба да се бара одговорност но повторно е на мислење дека не треба да се кочи работата на ЈП Комуналец бидејќи ако се повлечат точките тоа ќе значи губење на време во извршување на секојдневните обврски.
**Агим Садику:** Овде не се работело за морална одговорност, туку за законска која како Совет не треба да се прекрши свесно.
**Абдула Сејдини:** Тенденција било од Претседателот на Советот дека некој сака да го блокира работењето на ЈП Комуналец, но тоа не било така,туку само се бара да се почитува правниот аспект и да има одговорност.Како може претседател на управен одбор да свикува седници со истечен мандат?
**Тефик Лутфиу:** Негово мислење е дека сите колеги имаат право и дека како Совет треба да се даде време, можност и помош да се решат овие работи.
**Лазе Јаќимоски:** Никој нема намера да блокира работа на „Комуналец" но неможе да се стави Советот над законите.Утреден можело да има инспекција и кој ќе ја сносел вината?
**Агим Садику:** Го повтори барањето за повлекување на точките од дневен ред, јасно е управниот одбор нема мандат а со тоа нема ниту легимитит да носи одлуки и предлог програми.
**Лазе Јаќимоски:** Според член 90 од Деловникот за работа на Советот побара и поименично усно гласање за предлогот за повлекување на точките од дневен ред.
**Скендер Џабири:** Претседателот даде пауза од 5 минути.
По продолжение,
Претседателот на Совет истакна дека ова е непосакувана ситуација.и ја истакна можноста да се овласти секретарот на општината за да се објави конкурс за избор на нови членови на управен одбор.Предлогот да се повлечат точките 3 и 4 го стави на усвојување.
**-Со 23 гласа (За), нема против и нема воздржани се усвои предлогот за повлекување на точките 3 и 4 од предлог-дневниот ред и точките се повлекоа.**

**_ Бидејќи немаше повеќе дискусии по предлог дневниот ред истиот се стави на усвојување и се усвои (без предлог точките 3 и 4) со 23 глас-За , нема против и нема воздржани.**

**1. точка- Предлог Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеницици за 2023 година.**

**Анета Настеска:** Истакна дека предлог-одлуката е поделена во материјалите и дека вредноста на бодот за платите на државните случбеници за 2023 година е 81,6 денари.
**Виктор Алексоски:** Имаше прашање дали е покачен или намален бодот во споредба со минатата година?
**Анета Настеска:** Одговори дека е ист како и минатата година и дека неможе да биде повисок од највисоката вредност утврдена со одлука на Владата.

**Бидејќи немаше повеќе дискусии по првата точка- Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеницици за 2023 година** година **се усвои со 23 гласа ЗА, нема против и нема воздржани.**

**2.ТОЧКА – Предлог Буџетски календар на Општина Кичево за 2023 година.**

**Бујар Весели:** Во образложението на точката истакна дека тоа е законска обврска и со овој календар се утврдуваат роковите за извршување на активности, постапки и рокови до донесувањето на новиот Буџет за следната година.

**Агим Садику:** Се надевал дека ќе бидат почитувани роковите и активностите со цел потранспарентна постапка во носење на новиот Буџет.

**Бидејќи немаше повеќе дискусии по втората точка- Буџетски календар на Општина Кичево за 2023 година се усвои со 23 гласа ЗА, нема против и нема воздржан.**

**5.ТОЧКА - Предлог Програма за одржување на јавна чистота за 2023 година во Општина Кичево.**

**Анета Настеска:** Објасни дека иако програмата е предложена од општината, реализацијата ќе биде од страна на ЈП Комуналец а претставникот веќе не е присутен на седницата за да ја објасни точката.Во последната верзија на предлог програмата ги нема забелешките дадени од советникот Игор, така што истата се става на усвојување.

**Бидејќи немаше повеќе дискусии по петата точка- Програмата за одржување на јавна чистота за 2023 година во Општина Кичево се усвои со 12 гласа, ЗА, 0 гласа против и 10 гласа воздржани.**

**6.Точка- Предлог Програма за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кичево за 2023 година.**

**Арѓент Асани:** Како претседател на комисијата за урбанизам и комунални дејности информираше дека комисијата одржала седница на ден 30.01.2023 на која биле разгледани точките од оваа област и тоа точките 6, 9, 10, 11, 12 и 13 при што првите 5 се усвоени од комисијата со 5 гласа за, додека 13 точка не се усвоила на комисија со еден глас-за, еден-против и 3-воздржани и таа се предлага на Советот на одлучување.

**Сејдин Абази:** Накратко објасни дека програмата е заедничка на секторот за урбанизам и комунални дејности и дека таа е со вредност од околу 675 милиони денари дел од сопствени извори а дел од фондови, проекти и донации.Се предвидувало:изградба и реконструкција на улици и патишта, реконструкција и изградба на тротоари, улици и патишта по населени места, изградба и реконструкција на водоводи и канализација, јавно осветлување, одржување на улиции патишта, урбанистичко плански документации, инфраструктурни објекти и слично.

**Абдула Сејдини:** Имаше прашање колкав е надоместокот за изградба на енергетски објекти-фотоволтаични централи?

**Сејдин Абази:** Одговори дека цената е 100 денари за метар квадратен, и мисли дека тоа е некоја средина и не е висока цена.

**Бидејќи немаше повеќе дискусии по шестата точка- Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кичево за 2023 година се усвои со 23 гласа ЗА, нема против и нема воздржани.**

**7.ТОЧКА - Предлог Одлука За утврдување на тарифи за вршење на авто-такси превоз во рамките на општината и тарифи за вршење на авто-такси превоз кон друга општина или Град Скопје**

**Сејдин Абази:** Содржината на оваа предлог одлука била слична како и претходно предложената пред неколку месеци и е на мислење дека таа ќе ги задоволи барањата на здружението на такси превозници и содржи два члена и две тарифи А И Б.

**Агим Садику:** Истакна дека Здружението на такси превозници имало барање од декември 2021 година за донесување на одлука што ќе ја регулира нивната работа, како и цените а исто така и сузбивањето на нелојалната конкуренција и во оваа предлог одлука не се содржани овие нивни барања односно истите не се синхронизирани.Додаде дека нема да ја подржи оваа одлука затоа што претходно треба да има средба меѓу здружението и општината затоа шти има суштински разлики во нивните барања и ова што се нуди со предлог одлуката.

**Сејдин Абази:** Одговори дека нема голема разлика во бараните цени и предложените со оваа одлука, додека проблемите со нелојалната конкуренција треба да ги решава сообраќајниот инспектор кој веќе активно работи.Од други работи што се направиле за такси превозниците е тоа што се направиле или обележале места за паркинг на такси возилата на повеќе локации во градот.На мислење е да се донесе ваква одлука како што е а подоцна таа може да трпи и измени во зависност од потребите и барањата на такси превозниците.
**Агим Садику:** Истакна дека и до него се обратиле како здружение и го запознале со нивните барања и потреби и е запознат со оваа проблематика и е сигурен дека тие нема да бидат задоволни со ваква одлука и дека треба да се даде уште малку време во кое ќе се остварат средби и ќе се синхронизираат и вметнат сите нивни барања, па кога тоа ќе се направи тогаш и да се усвои.
**Игор Стојаноски:** Истакна дека неговата дискусија ќе ја темели од два аспекти:како прво ваква одлука е долго очекувана да се донесе но таа не само да ги содржи цените за превоз туку дека таа треба да биде многу поопсежна и да опфаќа и други аспекти како нелојална конкуренција, број на потребни такси возила-капацитет, обележување на пример жолти регистарски таблици и многу други работи.Сето ова е содржано во една предлог-одлука кој тој ја подготвил и може да ја погледнат и сите советници како таа изгледа.Од друг аспект предложената одлука има технички недостатоци бидејќи знае и лично и професионално како сервисер на таксиметрите дека тие треба да содржат и повеќе податоци од тие во предлог одлуката како на пример време на чекање по минута или по час и слично. Од тие причини е на исто мислење со колегата Агим да се повлече точката а во меѓувреме да се координираат сите чинители и да се усвои една подобра и поопсежна одлука.
**Скендер Џабири:** Од претходните дискусии е јасно дека за оваа работа треба да се оформи работно тело во кое ќе бидат на пример секретарот, здружението, инспекторот за сообраќај, дел од советниците на пример Игор и така да се направи една пообемна одлука која ќе го регулира работењето на такси превозниците.

**Предлогот да се повлече точката од дневен ред Претседателот беше ставена на усвојување и со 23 гласа-За, нема против и нема воздржани точката беше повлечена од дневен ред.**

**8.ТОЧКА - Предлог Одлука за овластување на Градоначалникот на Општина Кичево**

**Емин Насуфи:** Објасни дека се работи за Одлука со која ќе се овласти градоначалникот да може да потпише договор со германски инвеститор „Германсолар“ за поставување на фотоволтаици на кровот од гимназиите Мирко Милески и Дрита како и на спортската сала во склоп на училиштата.Всушност се работело за продолжување на договорот што го имале потпишано истата фирма и општината во 2012 година во кое имало член дека истиот може да се продолжи на уште десет години.
**Абдула Сејдини:** Како што бил запознат тој во претходниот договор стоело дека како компензација училиштата треба да добиваат 2 киловат часови електрична енергија, дали тоа се реализирало тогаш и кои се правата и обврските кои би произлегле од новиот договор?
**Емин Насуфи:** Одговори дека не е детално запознат со претходниот договор, но да така било таму пропишано 2 киловат часови да се предаваат на училиштето,а за тоа тие што не ги враќале доволно мисли дека како компензација за тоа фирмата учествувала во реновирање на фасадата на училиштето.
**Абдула Сејдини:** Имаше апел да се внимава кога се утврдуваат условите од договорот, затоа што е добро да се инвестира во фотоволтаици и обновлива енергија но треба да се внимава што би биле придобивките од таков договор.Имаше уште едно прашање а тоа е бидејќи имало конкурс од министарството за образование за поставување на фотоволтаици од страна на училиштата дали некое училиште од општината се има пријавено на ваков конкурс?
**Емин Насуфи:** Одговори дека овој конкурс сеуште не е отворен, но и доколку се аплицира кога ќе има конкурс општината ќе треба да кофинансира со свои средства за дел од проектот.Го спомена и проектот за реновирање на училиштата Дрита и Мирко Милески како и на спортската сала кој треба наскоро да почне.
**Валбона Адили Емини:** Имаше подетално прашање што ќе опфаќа оваа инвестиција и дали електричната енергија што ќе се произведува ќе се користи и за училиштата, како на пример за затоплување или за осветлување?

**Емин Насуфи:** Сега првично имало само барање од фирмата Германсолар за користење на просторот, а доколку се продолжи со соработка во новиот договор секако би биле утврдени и прецизирани сите права и обврски што произлегуваат од него.Инаку постое и друг проект со Министарееството за образование за смена на начинот на греење и тоа да биде од соларна енергија преку батерии што ја претвораат во електрична.
**Лазе Јаќимоски:** Истакна дека во материјалите на предлог одлуката го нема тоа барање од фирмата како материјал за седницата иако тоа било побарано.Добро е да има комисија која ќе ги утврди условите пред договорот а не само да се потпише без општината или училиштата да имаат одредени бенефиции.
**Емин Насуфи:** Секако дека ќе било така, ова било само овластување што не значи дека Градоначалникот веднаш бланко ќе потпише нешто пред претходно да се утврдат поволни услови.
**Валбона Адили Емини:** Дали ова барање се однесува само за објектите од гимназијата?
**Емин Насуфи:** Да, конкретно е за нив со маскимално дневно производство од 250 киловат часови.
**Агим Садику:** Истакна дека не треба Советот само да даде овластување и толку, туку и во текот пред потпишување на договорот Советот да биде запознаен со условите, правата и обврските од истиот.Со тоа Советот ќе биде учесник во целата инвестиција.
**Емин Насуфи:** Овој предлог бил прифатлив, така би била поисполнета целата процедура.
**Иван Божиноски:** Имаше констатација дека договорот што ќе се потпише треба да има облигација за инвеститорот а имаше и прашање дали фирмата Германсолар има исклучиво право само таа да постави фотоволтаици или тоа може да го направат и други фирми со барање?
**Емин Насуфи:** Со претходниот договор било утврдено дека 2 киловат часови од 49 киловати производство ќе се одделуваат за училиштето што е многу малку во сегашни услови и не значи дека истите услови ќе бидат и сега.Можноста сега би била производство на 250 киловати.Секако дека може и други фирми да имаат вакви барања, но за тоа општината претходно треба да објави конкурс-повик.Во случајов тогаш имало повик во 2012 година каде конкретнава фирма се пријавила и во претходниот договор стои дека ќе користи 10 години со можност за продолжување на уште 10 години.
**Агим Садику:** Поентата е добра, може да има повеќе конкуренција со што бенефитите од евентуален договор би биле уште подобри.
**Емин Насуфи:** Можело и на други објекти да се воспостави ваква пракса ако би имало заинтересирани фирми, општината би објавила повик.
**Игор Стојаноски:** Истакна дека подржува што повеќе вакви проекти а за овај конкретно побарал да го добие барањето што го доставила компанијата а добил барање со друг архивски број.Се работело за бизнис со производство од 250 киловат часови и инвестиција од 150.000 евра, која би се вратила за период од 2,5 години.Апелираше да се внимава при потпишување на договорот и да се издејствуваат поволни услови и бенефиции,а побара и Советот да земе активно учество.
**Валбона Адили Емини:** Дали постои ризик од 250 киловат часови производство поставени на кров на јавни објекти односно училишта?
**Емин Насуфи:** Ќе има формирано комисија претходно, што ќе ги утврди можните ризици.
**Виктор Алексоски:** Исто така апелираше да се внимава при потпишување на договорот затоа што претходниот бил смешен со само 2 киловати бенефит од 50 киловати, ако и сега така е предлогот адекватно на 250 киловати би било 12,5 киловати што во денешни услови е премалку.Да се води сметка за тоа.
**Емин Насуфи:** Одговори дека 250 киловати е максимално производство што не значи дека секој ден толку ќе се произведува, ќе има и денови без сонце и помалку производство. Но сепак повтори дека сето тоа ќе биде разгледувано од комисија.

**Бидејќи немаше повеќе дискусии по осмата точка - Одлуката за овластување на Градоначалникот на Општина Кичево се усвои, со 14 гласа ЗА, нема против и 8 гласа воздржани.**

**9.ТОЧКА - Предлог Одлука за формирање на Партиципативно тело од областа на урбанизмот на Општина Кичево.**

**Беким Мустафај:** Објасни дека според член 46 од Законот за урбанистичко планирање обврска е да се формира вакво тело кое ќе биде советодавно при што ќе има повик за избор на членови па подоцна Советот ќе ги усвои.

**Бидејќи немаше повеќе дискусии по деветата точка - Одлуката за формирање на Партиципативно тело од областа на урбанизмот на Општина Кичево се усвои, со гласа 23 ЗА, нема против и нема воздржани.**

**10.ТОЧКА - Предлог Одлука за исправка на техничка грешка**

**Беким Мустафај:** Објасни дека се работи за техничка грешка кај градежна парцела од урбанистички план за населба Календерица, кај која се разликува површината кај графичкиот дел од онаа во табеларниот дел, со оваа одлука ќе се исправи таа грешка.

**Бидејќи немаше повеќе дискусии по десетата точка - Одлуката за исправка на техничка грешка се усвои, со 23 гласа ЗА, нема против и нема воздржани.**

**11.ТОЧКА - Предлог Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе измена на ГУП за Кичево – вон г,р, заради вклопување на бесправен објект на КП бр.6177.**

**Беким Мустафај:** Објасни дека се работи за легализација на станбен објект изграден надвор од градежен опфат на парцела во приватна сопственост на барателот и треба да се донесе одлука дека во иднина ќе се прошири опфатот и дека ќе се вклопи бесправниот објект во урбанистичка документација.

**Бидејќи немаше повеќе дискусии по единаесетата точка - Одлуката со која се утврдува дека ќе се донесе измена на ГУП за Кичево – вон г,р, заради вклопување на бесправен објект на КП бр.6177 се усвои, со 23 гласа ЗА, нема против и нема воздржани.**

**12.ТОЧКА - Предлог Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе измена на урбанистичка документација на н.м. Осој - Кичево, заради вклопување на бесправен објект на КП бр.919.**

**Беким Мустафај:** Објасни дека се работи за легализација на станбен објект изграден надвор од градежен опфат на парцела во приватна сопственост на барателот од уранистичката документација за с.Осој и треба да се донесе одлука дека во иднина ќе се прошири опфатот и дека ќе се вклопи бесправниот објект во урбанистичката документација.

**Бидејќи немаше повеќе дискусии по дванаесетата точка - Одлуката со која се утврдува дека ќе се донесе измена на урбанистичка документација на н.м. Осој - Кичево, заради вклопување на бесправен објект на КП бр.919 се усвои, со 23 гласа ЗА, нема против и нема воздржани.**

**13.ТОЧКА - Предлог Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе измена на ГУП за село Зајаз донесен со одлука на совет бр.07-280/2 од 14.06.1999, за КП.бр.191 и КП.бр.196 КО Зајаз вон.гр., во Општина Кичево.**

**Беким Мустафај:** Објасни дека се работи за легализација на станбени објекти изградени надвор од градежен опфат на две парцели во државна сопственост и се надвор од генералниот урбанистички план за с.Зајас и треба да се донесе одлука дека во иднина ќе се прошири опфатот и дека ќе се вклопат бесправните објекти во урбанистичката документација.
**Агим Садику:** Истакна дека е запознат со ова барање од странката кое е од 2018 година и мисли дека е технички и правно исправно да се донесе оваа одлука.
**Беким Мустафај:** Имаше уште едно појаснување а тоа е дека според законот за легализација може да се легализараат објекти кои се изградени на државно земјиште.

**Абдула Сејдини:** Истакна дека и на комисија бил воздржан бидејќи има дилема, бидејќи се работи за станбен објект изграден во месноста „Круша“ на државно земјиште и доколку се усвои сега ваква одлука тоа во иднина може да предизвика и други луѓе таму да градат исто така куќи, па затоа е воздржан.
**Лазе Јаќимоски:** Се согласува со искажаното од советникот Абдула и додаде дека овде се работи за две огромни парцели од 150.000 квадрати државно земјиште и не е во ред да се донесе ваква одлука за проширување на опфат со што ќе се легализираат станбени објекти што подоцна може да доведе до други постапки како на пример откуп на земјиште по едно евро од квадрат или нов урбанистички план и опфат а се работи за терен со можеди рудни богаства, реки, може ќе биде пречка во иднина за некавни инвестиции и слично.
**Беким Мустафај:** Одговори дека не гледа можност во иднина за целосна урбанизација на целиот тој простор евентуално би се вклопиле само објектите, затоа не гледа логика во претходно искажаното затоа што во оваа фаза сега Советот само носи одлука дека ќе се прошири опфатот, додека општината е таа која ќе ги утврди и другите услови за легализација и евентулани други постаки кои подоцна би следеле.
**Иванчо Божиноски:** Околу законот за легализација е во ред, но тука е проблем кршењето на закон за градење и бесправното градењето на државни парцели, што може да биде пример и во иднина кој каде сака да си направи објект без да одговара законски.

**Бидејќи немаше повеќе дискусии по тринаесетата точка - Предлог Одлуката со која се утврдува дека ќе се донесе измена на ГУП за село Зајаз донесен со одлука на совет бр.07-280/2 од 14.06.1999, за КП.бр.191 и КП.бр.196 КО Зајаз вон.гр., во Општина Кичево се усвои, со 9 гласа ЗА, 7 гласа против и 7 гласа воздржани.**

**14.ТОЧКА-Разно**

**Скендер Џабири:** Информираше дека до Советот има пристигнато неколку барања од граѓани и истите ќе ги прочита но бидејќи Советот не може истите да ги реализира ќе се препратат до општината за да се разгледаат и според можностите општината да одговори:

-Како прво беше барање од МЗ од населбата Иванидол кои бараат во Буџетот да бидат вклучени изградба на основно училиште, градинка и православна црква во оваа населба.
-Како второ: Барање од МЗ од с.Иванчишта кои бараат реконструкција на селски пат од месноста Просишта до с.Иванчишта во должина од 3км.
-Како трето: Жители од с.Големо Црско бараат тампонирање на пат од раскрсница меѓу Големо и Мало Црско во должина од 400м.
-Како четврто: Планирање во Буџет, асфалт, бекатон плочки, канализациона и водоводна мрежа, пат Шутово-Премка.
-Како петто: Барање од Камер Јонузи
-Како шесто: Помош во средства за изградба на храм св.Архангел Михаил с.Ижиште.
-Како седмо: Барање од црковен одбор на с.Мидинци за помош за изградба на камен ѕид во должина од 200м.
-Како осмо: Барање од МЗ с.Мидинци за помош како : асфалт, бекатон на улици, камен ѕид околу трпезарија, санитарен чвор, заштита на селски дом, канализација, тревнат дел, ѕид како ограда за црква св.Илија, летниковец, улично осветлување, стаза и сл.

**Бидејќи немаше повеќе пријавено за дискусија, Претседателот на Советот ја затвори седумнаесетата седница на Советот на Општина Кичево во 15.44 часот.**

Записникот го водел ;
-Димче Миловски.

Совет на Општина Кичево
Претседател,
Скендер Џабири